**Република Северна Македонија**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2023 ГОДИНА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје, Април 2024 година

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД** ........................................................................ 3

**РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ** ........................................................................ 5

- БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ ................................ 5

- ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД........................................................................ 9

- ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО ........................................................................ 13

- ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ ..................................... 25

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ**........................................................................ 30

**БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ** ........................................................................ 33

- КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2023 ГОДИНА
- МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
  - СУДСТВО
  - СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ПРЕПОРАКИ** ........................................................................ 46
**ЗАКЛУЧОЦИ** ........................................................................ 47

**ПРИЛОЗИ** ........................................................................ 49

## ВОВЕД

Согласно член 100 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр. 109/19), Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот) за својата работа поднесува Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година. Овој извештај се објавува на веб страницата на Советот – http://sud.mk/wps/portal/ssrm/sud/izvestai/ и се доставува до сите судови во Република Северна Македонија.

Годишниот извештај содржи податоци за бројот на избрани и разрешени претседатели на судови, судии и судии поротници; за бројот на поведени и завршени постапки за утврдување на одговорност; за кадровската состојба во судството; за материјално – финансиската состојба во судството; за состојбата во судовите согласно годишните извештаи за нивната работа; како и податоци за постапување по претставки и предлози од граѓаните и правните лица. Извештајот содржи и оцени за работата на судиите во Република Северна Македонија во однос на квалитетот и ажурноста на нивната работа и други прашања во врска со остварување на независноста и самостојноста на судството; податоци за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Советот по ставки, како и други податоци.

Во текот на 2023 година, Советот изврши избор на судии и претседатели на судови, избор и разрешување на судии поротници, констатираше престанок на судиската функција, утврди нестручно и несовесно вршење на судиската функција со изрекување на дисциплински мерки, ги разгледа и оцени тримесечните и годишните извештаи за работа на судовите, донесе одлуки за времено упатување на судии од еден во друг суд, изврши работни посети во судови со цел констатирање на одредени состојби и вршеше и други работи во рамки на својата надлежност, утврдени со закон.

Советот во текот на 2023 година одржа 44 седници, кое укажува на зголемување на седниците одржани во 2022 година (35).

Европската унија во текот на 2023 година испрати Оценска мисија во земјата, која изготви извештај за функционирање на Судскиот совет на РСМ. Во Извештајот на Оценската мисија дадени се препораки кои се поделени на долгорочни, среднорочни и краткорочни, а имплементацијата на краткорочните препораки за кои е надлежен Советот започна во 2024 година преку активностите кои ги спроведува Советот, а кои се нотирани во усвоениот Акциски план. За Судскиот совет наредниот период приоритетни се активностите нотирани во Акцискиот план за спроведување на преопраките на ЕУ упатени до Судскиот совет на РСМ, усвоен на 480-та седница, одржана на ден 29.02.2024 година.

Воедно, имајќи го предвид Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година објавен од Европската комисија на 08 ноември 2023 година, во насока на надминување на нотираните состојби, Судскиот совет во наредниот период ќе се залага за заштита на интегритетот, независноста и професионалноста на судиите и на институциите и ќе се спротивстави на секое надворешно влијание.

Во текот на 2024 година, приоритет за Советот ќе биде реализирање на препораките нотирани во наведените извештаи кои се насочени кон подобрување на процесот на избор, унапредување и одговорност на судиите/претседателите на судовите и членовите на Советот, како и подобрување на транспарентноста, комуникацијата и управувањето со ресурсите во Советот. Советот ќе ги продолжи своите заложби за доследна примена и постапување согласно законските одредби, следење на состојбите во судството и давање на нови предлози за подобрување на состојбите, следење на работата на судиите и претседателите на судовите, како и на самите судови, превземање дејствија во рамки на своите надлежности при детектирање на коруптивни дејствија во судството, а во таа насока и залагање за имплементација на донесената Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025 година. Понатаму, Советот континуирано ја следи примената на законите и дава иницијативи за изменување и дополнување на законската регулатива во ситуација кога одредени законски одредби придонесуваат за надминување на пропустите во судството. Советот ќе продолжи да ја унапредува соработката со институциите со цел решавање на проблемите со кои се соочува судството и во насока на нивно надминување. Истовремено, Советот ја унапредува меѓународната соработка и се залага за транспарентно работење, како на Советот, така и на судството воопшто. Во текот на годината се зголемија заложбите за јакнење и подобрување на капацитетите на судството и беше дадена поддршка на судиите во ситуации кога беше загрозен нивниот интегритет, независност и самостојност при вршењето на судиската функција.

Една од основните заложби на Советот е финансиско одвојување на судската власт од другите власти, односно залагање за зголемување на процентот на Судскиот буџет во однос на Бруто домашниот производ од сегашните 0,3% на годишно ниво на законски определените 0,8 % од Буџетот за судска власт.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

### *БРОЈ НА ИЗБРАНИ И РАЗРЕШЕНИ СУДИИ И СУДИИ ПОРОТНИЦИ*

Советот, во текот на 2023 година изврши избор на судии и избор и разрешување на судии поротници.

Во извештајната година, Советот изврши избор на 42 (четириесет и двајца) судии, од кои 2 (двајца) судии на Врховниот суд на РСМ, 2 (двајца) судии на Апелационен суд Гостивар, 8 (осум) судии на Апелационен суд Скопје, 11 (единаесет) судии на Основен граѓански суд Скопје, 10 (десет) судии на Основен кривичен суд Скопје, 4 (четири) судии на Основен суд Битола, 3 (тројца) судии на Основен суд Струмица и 2 (двајца) судии на Основен суд Тетово.

| СУД | БРОЈ НА ИЗБРАНИ СУДИИ |
|---|---|
| Врховен суд на Република Северна Македонија | 2 |
| Апелационен суд Гостивар | 2 |
| Апелационен суд Скопје | 8 |
| Основен граѓански суд Скопје | 11 |
| Основен кривичен суд Скопје | 10 |
| Основен суд Битола со одделение Демир Хисар | 4 |
| Основен суд Струмица | 3 |
| Основен суд Тетово | 2 |
| **ВКУПНО** | 42 |

**Полова и национална структура на избрани судии во период од 01.01.2023 до 31.12.2023**

| Националност | Вкупно | % |
|---|---|---|
| Македонци | 35 | 83.33 |
| Албанци | 5 | 11.9 |
| Срби | 1 | 2.38 |
| Власи | 0 | 0.00 |
| Бошњаци | 0 | 0.00 |
| Турци | 0 | 0.00 |
| Роми | 0 | 0.00 |
| Други | 1 | 2.38 |
| **Вкупно** | 42 | |
| Пол | | |
| Машки | 18 | 42.86 |
| Женски | 24 | 57.14 |
| Вкупно | 42 | |






Од страна на Советот во текот на 2023 година е извршен избор на претседатели во 11 (единаесет) судови, и тоа на: Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип, Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Неготино, Основен суд Кичево, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Прилеп, Основен суд Тетово и Основен суд Штип.

**Полова и национална структура на избрани претседатели во период од 01.01.2023 до 31.12.2023**

| **Националност** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|
| Македонци | 7 | 63.64 |
| Албанци | 3 | 27.27 |
| Срби | 0 | |
| Власи | 1 | 9.09 |
| Бошњаци | 0 | |
| Турци | 0 | |
| Роми | 0 | |
| Други | 0 | |
| **Вкупно** | 11 | |
| Пол | | |
| Машки | 6 | 54.55 |
| Женски | 5 | 45.45 |
| Вкупно | 11 | |







Во текот на 2023 година, Советот по извршениот избор на судии во основните судови од редот на кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители поради потребата од судии во одредени основни судови ја искористи со закон предвидената можност да донесе одлука за времено упатување на судии од еден во друг суд. Советот донесе одлука за времено упатување на 22 судии, најдолго за време од една година, и тоа:

- Еден судија од Основен суд Ресен во Основен суд Прилеп;
- Еден судија од Основен суд Гостивар во Основен суд Тетово;
- Еден судија од Основен суд Охрид во Основен суд Струга;
-Двајца судии од Основен суд Гостивар во Основен суд Кичево;
- Еден судија од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Куманово;
- Еден судија од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Струга;
- Еден судија од Основен суд Битола во Основен суд Прилеп;
- Еден судија од Основен суд Струмица во Основен суд Делчево;
-Тројца судии од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Прилеп;

- Еден судија од Основен суд Крива Паланка во Основен граѓански суд Скопје;
- Еден судија од Основен суд Битола во Основен суд Крушево;
- Еден судија од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Струга;
-Двајца судии од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Кичево;
-Еден судија од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Кичево;
-Еден судија од Основен суд Струмица во Основен суд Берово;
-Еден судија од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Струга;
- Еден судија од Основен кривичен суд Скопје во Основен суд Свети Николе и
- Еден судија од Основен граѓански суд Скопје во Основен суд Кочани.

Советот одлуките за временото упатување на судиите ги донесе согласно член 39 од Законот за судовите, во случаи кога констатира состојба на значително зголемен обем на работата во овие судови, намалена ажурност и во случај кога е доведено во прашање тековното работење на судовите.

Изборот и разрешувањето на судиите поротници по доставена предлог листа од претседателот на надлежниот суд е законска надлежност на Советот.

Во текот на 2023 година, Советот избра вкупно 31 судии поротници. При изборот на судиите поротници, Советот водеше сметка да се обезбеди соодветна правична застапеност на граѓаните што припаѓаат на сите заедници. Советот донесе и одлуки со кои е утврден престанок на функцијата судија поротник на 28 судии поротници.

## ***ПОСТАПКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТ НА СУДИЈА И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД***

Советот согласно законските надлежности, помеѓу другото е надлежен да утврдува престанок на судиската функција, да разреши судија од вршење на судиската функција поради потешка дисциплинска повреда или поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Постапките за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд, пред Советот се водат согласно одредбите на Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Имено, постапките за утврдување одговорност на судија или претседател на суд поведени по поднесени барања за утврдување на одговорност се од итен и доверлив карактер и се водат без присуство на јавноста и со почитување на угледот и достоинството на судијата или претседателот на судот. На барање на судијата или

претседателот на судот, Советот одлучува дали постапката ќе биде јавна, како и за тоа на седницата да присуствува претставник од Здружението на судии.

Во текот на 2023 година, беа поднесени 71  (седумдесет и едно) барање за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд против 123 (сто дваесет и три)  судии.

Согласно член 63 став 4 од Законот за Судскиот совст на Република Северна Македонија, Комисиите на известители отфрлија 53 (педесет и три) барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд против 104 (сто и четири) судии, од кои 15 барања за 36 судии поднесени во 2022 година и 38 барања за 68 судии поднесени во 2023 година..

Во текот на 2023 година, Советот донесе одлука за запирање на  2 (две) постапки за утврдување на одговорност против судија или претседател на суд, од кои 1 (една) е поведена во 2022 година, а 1 (една) е поведена  во 2023 година.

Едно барање  против судија/претседател на суд, за постапка поведена во 2022 година е повлечено.

Советот по поднесени 6 (шест) барања, на 4 (четворица) судии  им изрече дисциплински мерки и тоа:

- На 1(еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 15% од месечната плата на судија во траење од 3 (три) месеци) согласно чл.78 ст.1 алинеја 3 од Законот за судовите, за повреда  на правилата за изземање од чл.65 став 2 в.в. со чл.64 ст.1 т. 6 од Законот за парнична постапка бидејќи судијата постапувал и одлучувал по предмети во кои полномошник на странка бил адвокатот кај кого била вработена негова ќерка и судијата не го известил за тоа претседателот на судот;

- На 1 (еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 20% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци)  согласно чл.78 ст.1 алинеја 3 од Законот за судовите, за сторена повреда по чл.74 ст.1 алиенаја 2 од Законот за судовите и чл.60 ст.1 т.2 од Законот за Судскиот совет на РСМ бидејќи судијата како известител по предметите без оправдани причини ги оддолговлекувал постапките и покрај околноста што се работи за предмети кои се итни, притворски и од јавен карактер;

- На 1 (еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 20% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци) согласно чл.78 ст.1 алинеја 3 од Законот за судовите, за

повреда по чл.74 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите поради очиогледно прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање од чл.75 став 1 точка 4 од Законот за судовите и постапил спротивно на чл.64 ст.1 точка 6 од Законот за парнична постапка, не го известил тогашниот ВД претседател на судот дека постојат околности кои ја доведуваат во сомневање неговата непристраност и судир на интереси што е причина за изземање бидејќи неговата ќерка била вработена кај полномошникот на тужениот во предметите, со што предизвикал тешки последици кои се манифестираат на повреда на правото на правично судење од непристрасен суд и создавање недоверба кај граѓаните во судството, со што е нарушен угледот на судството;

- На 1(еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 30% од месечната плата на судија во траење од 6 (шест) месеци) согласно чл.78 ст.1 алинеја 3 од Законот за судовите, поради сторени повреди од чл.76 став 1 точка 7 од Законот за судовите – намерно и неоправдано направи крупна професионална грешка, при што различното толкување на правото и фактите не може да претставува основ за утврдување на одговорност на судијата поради нестручно и несовесно работење во судски предмети. Во случајот по две решенија во кои биле досудени трошоци на кривичната постапка во корист на оштетениот, судијата ги доставил до ДП по истекот на рокот за доброволна исплата. Во еден предмет досудени се трошоци на кривична постапка на товар на Буџетот на РСМ спротивно на чл.107 ст.1 в.в. со чл.106 ст.1 од КЗП. Во еден предмет двапати е наложена исплата на истите досудени трошоци, еднаш од Буџет на РСМ и повторно од судски буџет. По пет предмети судијата донела одлуки и пред истите да бидат правосилни ги доставил до Државно правобранителство на РСМ со цел доброволна исплата на трошоците кај ослободителните и одбивателните пресуди. По петнаесет кривични предмети судијата на записник консттаирал дека е запрена постапката, но не донел формална одлука за запирање на постапката, со што постапил спротивно на чл.103 и 121 ст.1 од ЗКП.

- На 1(еден) судија за утврдена дисциплинска повреда му изрече писмена опомена согласно чл.78 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите в.в. со чл.69 ст 4 од законот за Судскиот совет на РСМ за повреда сторена по член 74 став 3 алинеја 1 в.в. со алинаја 2 и чл.76 став 6 од Законот за судовите, повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на судијата без оправдани причини. Повредата е од процесен карактер, а решението кое го донел судијата не предизвикало штетни последици, но судијата бил должен да ги почитува одредбите за месна и стварна надлежност и на истите да внимава по службена должност, особено да внимава на околноста дека во случајот станува збор за стечајна постапка за која е предвидена

исклучива месна надлежност за постапување утврдена во член 56 од Законот за парнична постапка.

- Советот во 2023 година нема донесено одлуки за разрешување на судии/претседатели на судови поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во 2022 година е донесена одлука за разрешување на 1 (еден) судија поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција согласно чл.ен 76 став 1 точка 7 од Законот за судовите бидејќи судијата при постапување по предмет не ги имал предвид одредбите од чл.326 в.в. со 336 од ЗПП каде е предвидено дека објавената пресуда/решение мора писмено да се изработи во рок од 8 дена, а во посложените предмети исклучително во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Во списите на предметот не бил залепен примерок од пресудата со печат за правосилност и печат за извршност со своерачен потпис на печатите. Судијата не ги имал предвид одредбите од чл.131 од Судскиот деловник, особено одредбата од став 8 согласно која претседатаелот на советот или судијата поединец констатира правосиллност и извршност на изворникот на одлуката и го потврдува со свој потпис. Судијата има изготвени две решенија заведени под ист број и датум, едно решение со кое предлогот за времена мерка се смета за повлечен, а другото со кое времената мерка се усвојува. Одлуката е правосилна во 2023 година, бидејќи против истата поднесена е жалба од страна на судијата за која е констатирано нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија одлуката на Советот ја потврди.

Во текот на 2023 година Советот постапуваше по 1 (едно) барање за повторување на постапката по повод донесена пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. По поднесена тужба до Управниот суд против решение на Судскиот совет, тужбата е одбиена како неоснована, а по изјавена жалба до Вишиот управен суд, жалбата на тужителот е уважена, пресудата на Управниот суд е преиначена и тужбата е уважена, а решението на Судскиот совет е поништено и предметот е вратен на повторно постапување, по што Судскиот совет на седница формира комисија. Комисијата изготви известување по поднесеното барање за повторување на постапката со констатација дека барањето е навремено, целосно и дозволено, по што предметот е пратен на постапување во Врховниот суд на РСМ. Врховниот суд го врати предметот со списите до Советот заради доставување на надлежно постапување на Управниот суд, по што списите се препратени до Управниот суд. Постапката по предметот сеуште не е завршена и истата е во тек.

Во текот на 2023 година утврден е престанок на судиската функција по сите основи предвидени со закон, и тоа:

- кај 43 судии е утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.
- кај 1 судија е утврден престанок на судиската функција поради смрт.
- кај 1 судија е утврден престанок на судиската функција поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција и
- кај 1 судија е утврден престанок на судиската функција по сопствено барање.

***ОЦЕНА ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ И АЖУРНОСТА ВО НИВНАТА РАБОТА КАКО И ДРУГИ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА НЕЗАВИСНОСТА И САМОСТОЈНОСТА НА СУДСТВОТО***

Согласно член 36 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот покрај другото е надлежен да ја следи и оценува работата на судиите и претседателите на судовите, како и да ги разгледува и оценува тромесечните и годишните извештаи за работата на судовите.

Советот во рамките на следењето и оценувањето на работата на судиите и судовите ги разгледа и ги оцени извештаите за работата на судовите во Република Северна Македонија, и тоа за работата на Врховниот суд на Република Северна Македонија, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелационите судови и основните судови во Република Северна Македонија за 2023 година.

Согласно генерираните податоци преку АКМИС системот, изготвен е табеларен приказ на нерешени предмети од претходниот период, примени предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2023 година (прикажани во прилог 3).

Во Република Северна Македонија судовите месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 109124 предмети, примиле во работа нови 624372 предмети, имале вкупно во работа 733496 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 602208 а останале нерешени 131288 предмети. Според наведените податоци, судовите во 2023 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 22164 предмети.

Од статистичките извештаи за работата на судовите, произлегува дека во 2023 година од 34 судови, ажурни биле 13, неажурни 21, од кои 3 апелациони судови и 18 основни судови.

**Врховниот суд на Република Северна Македонија** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 807 предмети, примил во работа нови 4611 предмети, и имал вкупно во работа 5418 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4709, а останале на крајот на 2023 година нерешени 709 предмети. Според податоците, Врховниот суд на Република Северна Македонија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 98 предмети. Во 2023 година Врховниот суд на Република Северна Македонија е оценет како АЖУРЕН.

**Вишиот управен суд** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 772 предмети, примил во работа нови 4023 предмети и имал вкупно во работа 44795 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3263, а останале на крајот на 2023 година нерешени 1532 предмети. Според податоците, Вишиот управен суд не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 760 предмети. Во 2023 година Вишиот управен суд е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Управниот суд** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 5248 предмети, примил во работа нови 7113 предмети, и имал вкупно во работа 12361 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7891 а останале на крајот на 2023 година нерешени 4470 предмети. Според податоците, Управниот суд го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 778 предмети. Во 2023 година Управниот суд е оценет како АЖУРЕН.

### Апелационо подрачје Битола

**Апелациониот суд Битола** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 632 предмети, примил во работа нови 5164 предмети, имал вкупно во работа 5796 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4620, а останале на крајот на 2023 година нерешени 1176 предмети. Според податоците, Апелациониот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 544 предмети. Во 2023 година Апелациониот суд Битола е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Битола** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 5111 предмети, примил во работа нови 33257 предмети, имал вкупно во работа 38368 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 32671, а останале нерешени 5697 предмети. Според податоците Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 586 предмети. Во 2023 година Основниот суд Битола е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Крушево** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 403 предмети, примил во работа нови 1974 предмети, имал вкупно во работа 2377 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1804, а останале нерешени 573 предмети. Според податоците Основниот суд Крушево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 170 предмети. Во 2023 година Основниот суд Крушево е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Охрид** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 5553 предмети, примил во работа нови 16945 предмети, имал вкупно во работа 22498 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 16053, а останале нерешени 6445 предмети. Според податоците Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 892 предмети. Во 2023 година Основниот суд Охрид е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Прилеп** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 5378 предмети, примил во работа нови 14238 предмети, имал вкупно во работа 19616 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12545, а останале нерешени 7071 предмети. Според податоците Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1693 предмети. Во 2023 година Основниот суд Прилеп е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Ресен** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 486 предмети, примил во работа нови 4652 предмети, имал вкупно во работа 5138 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4168, а останале нерешени 970 предмети. Според податоците Основниот суд Ресен не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 484 предмети. Во 2023 година Основниот суд Ресен е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Струга** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 4856 предмети, примил во работа нови 18690 предмети, имал вкупно во работа 23546 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 16944, а останале нерешени 6602 предмети. Според податоците Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1746 предмети. Во 2023 година Основниот суд Струга е оценета како НЕАЖУРЕН.

Судовите од ова апелационо подрачје месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 21787 предмети, примиле нови 89756 предмети и имале вкупно во работа 111543 предмети, од кои решиле 84185 предмети, а останале нерешени 27358 предмети. Според податоците, основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола не успеале да го совладат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 5571 предмети на ниво на апелационото подрачје. Од судовите од ова апелационо подрачје, во 2023 година сите судови се оценети како НЕАЖУРНИ во решавање на предметите.

## Апелационо подрачје Гостивар

**Апелациониот суд Гостивар** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 941 предмети, примил во работа нови 4250 предмети, имал вкупно во работа 5191 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4543, а останале нерешени 648 предмети. Според податоците, Апелациониот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 293 предмети. Во 2023 година, Апелациониот суд Гостивар е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Гостивар** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 6834 предмети, примил во работа нови 33065 предмети, имал вкупно во работа 39899 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 33454, а останале нерешени 6445 предмети. Според податоците, Основниот суд Гостивар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 389 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Гостивар е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Дебар** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 410 предмети, примил во работа нови 10364 предмети, имал вкупно во работа 10774 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 10389, а останале нерешени 385 предмети. Според податоците, Основниот суд Дебар го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 25 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Дебар е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Кичево** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 3358 предмети, примил во работа нови 21500 предмети, имал вкупно во работа 24858 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 21815, а останале нерешени 3043 предмети. Според податоците, Основниот суд Кичево го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 315 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Кичево е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Тетово** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 3604 предмети, примил во работа нови 59576 предмети, имал вкупно во работа 63180 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 59439, а останале нерешени 3741 предмети. Според податоците, Основниот суд Тетово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 137 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Тетово е оценет како НЕАЖУРЕН.

Судовите од ова апелационо подрачје, месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 14206 предмети, примиле нови 124505 предмети и имале вкупно во работа 138711 предмети, решиле 125097 предмети, а останале нерешени 13614 предмети. Според податоците, основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар успеале да го совладаат приливот на предмети и го намалиле заостатокот за

592 предмети на ниво на апелационото подрачје. Од судовите од ова апелационо подрачје, во 2023 година три судови се оценуваат како АЖУРНИ во решавање на предметите, и тоа ОС Дебар, ОС Гостивар и ОС Кичево додека ОС Тетово се оценува како НЕАЖУРЕН.

**Апелационо подрачје Скопје**

**Апелациониот суд Скопје** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 6844 предмети, примил во работа нови 15945 предмети, имал вкупно во работа 22789 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 14692, а останале нерешени 8097 предмети. Според податоците, Апелациониот суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1253 предмети. Во 2023 година Апелациониот суд Скопје е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Велес** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 2625 предмети, примил во работа нови 24094 предмети, имал вкупно во работа 26719 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 24222, а останале нерешени 2497 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 128 предмети. Во 2023 година Основниот суд Велес е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Гевгелија** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 467 предмети, примил во работа нови 12213 предмети, имал вкупно во работа 12680 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12216, а останале нерешени 464 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Гевгелија го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 3 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Гевгелија е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Кавадарци** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 644 предмети, примил во работа нови 13439 предмети, имал вкупно во работа 14083 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 13314, а останале нерешени 769 предмети. Според податоците, Основниот суд Кавадарци не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 125 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Кавадарци е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Кратово** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 229 предмети, примил во работа нови 2939 предмети, имал вкупно во работа 3168 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2947, а останале нерешени 221 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Кратово го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 8 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Кратово е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Крива Паланка** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 1020 предмети, примил во работа нови 6245 предмети, имал вкупно во работа 7265 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5612, а останале нерешени 1653 предмети. Според податоците, Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 633 предмети. Во 2023 година Основниот суд Крива Паланка е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Куманово** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 3501 предмети, примил во работа нови 38451 предмети, имал вкупно во работа 41952 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 36178, а останале нерешени 5774 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Куманово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2273 предмети. Во 2023 година Основниот суд Куманово е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Неготино** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 662 предмети, примил во работа нови 7320 предмети, имал вкупно во работа 7982 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 6692, а останале нерешени 1290 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Неготино не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 628 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Неготино оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот кривичен суд Скопје** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 15893 предмети, примил во работа нови 126099 предмети, имал вкупно во работа 141992 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 117268, а останале нерешени 24724 предмети. Според наведените податоци, Основниот кривичен суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 8831 предмети. Во 2023 година Основниот кривичен суд Скопје е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот граѓански суд Скопје** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 18058 предмети, примил во работа нови 47430 предмети, имал вкупно во работа 65488 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 45422, а останале нерешени 20066 предмети. Според наведените податоци Основниот граѓански суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2008 предмети. Во 2023 година Основниот граѓански суд Скопје е оценет како НЕАЖУРЕН.

Судовите од ова апелационо подрачје, месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 43099 предмети, примиле нови 278230предмети и имале вкупно во работа 321329 предмети, решиле 263871 предмети, а останале нерешени 57458 предмети. Според податоците, основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Скопје не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 14359 предмети на ниво на апелационото подрачје. Од судовите од ова апелационо подрачје во 2023 година шест судови се оценуваат како НЕАЖУРНИ во решавање на

предметите, и тоа: Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Кавадарци, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово и Основен суд Неготино, додека три судови се оценуваат како АЖУРНИ и тоа: Основен суд Велес, Основен суд Кратово и Основен суд Гевгелија.

**Апелационо подрачје Штип**

**Апелациониот суд Штип** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 808 предмети, примил во работа нови 4689 предмети, имал вкупно во работа 5497 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4154, а останале нерешени 1343 предмети. Според наведените податоци, Апелациониот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 535 предмети. Во 2023 година Апелациониот суд Штип е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Берово** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 670 предмети, примил во работа нови 3701 предмети, имал вкупно во работа 4371 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3546 предмети, а останале нерешени 825 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Берово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 155 предмети. Во 2023 година Основниот суд Берово е оценет како НЕАЖУРЕН.

.

**Основниот суд Виница** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 551 предмети, примил во работа нови 4109 предмети,имал вкупно во работа 4660 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4406 , а останале нерешени 254 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Виница го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 297 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Виница е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Делчево** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 1511 предмети, примил во работа нови 5742 предмети, имал вкупно во работа 7253 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5667 а останале нерешени 1586 предмети. Според податоците, Основниот суд Делчево не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 75 предмети.Во 2023 година Основниот суд Делчево е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Кочани** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 2291 предмети, примил во работа нови 13563 предмети,имал вкупно во работа 15854 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 12854, а останале нерешени 3000 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Кочани  не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 709 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Кочани е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Радовиш** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 1326 предмети, примил во работа нови 9126 предмети, имал вкупно во работа 10452 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8162, а останале нерешени 2290 предмети.Според наведените податоци, Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 964 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Радовиш е оценет како НЕАЖУРЕН.

**Основниот суд Свети Николе** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 857 предмети, примил во работа нови 5729 предмети, имал вкупно во работа 6586 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5892, а останале нерешени 694 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 163 предмети.Во 2023 година Основниот суд Свети Николе се оценува како АЖУРЕН.

**Основниот суд Струмица** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 2955 предмети, примил во работа нови 20891 предмети, имал вкупно во работа 23846 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 21131, а останале нерешени 2715 предмети. Според наведените податоци, Основниот суд Струмица го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 240 предмети. Во 2023 година, Основниот суд Струмица е оценет како АЖУРЕН.

**Основниот суд Штип** месец јануари 2023 година го започнал со нерешени 3819 предмети, примил во работа нови 23225 предмети, имал вкупно во работа 27044 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 23525, а останале нерешени 3519 предмети.Според наведените податоци, Основниот суд Штип го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 300 предмети. Во 2023 година Основниот суд Штип е оценет како АЖУРЕН.

Судовите од ова апелационо подрачје, месец јануари 2023 година го започнале со нерешени 13980 предмети,примиле нови 86086 предмети и имале вкупно во работа 100066 предмети, решиле 85183 предмети, а останале нерешени 14058 предмети. Според наведените податоци, основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Штип не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 78 предмети на ниво на апелационото подрачје. Од судовите од ова апелационо подрачје, во 2023 година се оценуваат како НЕАЖУРНИ во решавање на предметите четири судови и тоа: Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Кочани и Основен суд Радовиш, а како АЖУРНИ во решавање на предметите оценети се четири судови, и тоа: Основен суд Виница, Основен суд Свети Николе, Основен суд Струмица и Основен суд Штип.

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Врховен суд на РМ** | 807 | 4611 | 5418 | 4709 | 709 | 98 |
| 2 | **Виш управен суд** | 772 | 4023 | 4795 | 3263 | 1532 | -760 |
| 3 | **Управен суд на РМ** | 5248 | 7113 | 12361 | 7891 | 4470 | 778 |
| | **ВКУПНО** | **6827** | **15747** | **22574** | **15863** | **6711** | 116 |
| | | | | | | | |
| 1 | **АС Битола** | 632 | 5164 | 5796 | 4620 | 1176 | -544 |
| 2 | **АС Гостивар** | 941 | 4250 | 5191 | 4543 | 648 | 293 |
| 3 | **АС Скопје** | 6844 | 15945 | 22789 | 14692 | 8097 | -1253 |
| 4 | **АС Штип** | 808 | 4689 | 5497 | 4154 | 1343 | -535 |
| | **ВКУПНО** | **9225** | **30048** | **39273** | **28009** | **11264** | -2039 |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Битола** | 5111 | 33257 | 38368 | 32671 | 5697 | -586 |
| 2 | **ОС Крушево** | 403 | 1974 | 2377 | 1804 | 573 | -170 |
| 3 | **ОС Охрид** | 5553 | 16945 | 22498 | 16053 | 6445 | -892 |
| 4 | **ОС Прилеп** | 5378 | 14238 | 19616 | 12545 | 7071 | -1693 |
| 5 | **ОС Ресен** | 486 | 4652 | 5138 | 4168 | 970 | -484 |
| 6 | **ОС Струга** | 4856 | 18690 | 23546 | 16944 | 6602 | -1746 |
| | **ВКУПНО** | **21787** | **89756** | **111543** | **84185** | **27358** | -5571 |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **ОС Гостивар** | 6834 | 33065 | 39899 | 33454 | 6445 | 389 |
| 2 | **ОС Дебар** | 410 | 10364 | 10774 | 10389 | 385 | 25 |
| 3 | **ОС Кичево** | 3358 | 21500 | 24858 | 21815 | 3043 | 315 |
| 4 | **ОС Тетово** | 3604 | 59576 | 63180 | 59439 | 3741 | -137 |
| | **ВКУПНО** | **14206** | **124505** | **138711** | **125097** | **13614** | 592 |
| | **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | **Основен граѓански суд** | 18058 | 47430 | 65488 | 45422 | 20066 | -2008 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Скопје | | | | | | |
| 2 | **Основен кривичен суд Скопје** | 15893 | 126099 | 141992 | 117268 | 24724 | -8831 |
| 3 | **ОС Велес** | 2625 | 24094 | 26719 | 24222 | 2497 | 128 |
| 4 | **ОС Гевгелија** | 467 | 12213 | 12680 | 12216 | 464 | 3 |
| 5 | **ОС Кавадарци** | 644 | 13439 | 14083 | 13314 | 769 | -125 |
| 6 | **ОС Кратово** | 229 | 2939 | 3168 | 2947 | 221 | 8 |
| 7 | **ОС Крива Паланка** | 1020 | 6245 | 7265 | 5612 | 1653 | -633 |
| 8 | **ОС Куманово** | 3501 | 38451 | 41952 | 36178 | 5774 | -2273 |
| 9 | **ОС Неготино** | 662 | 7320 | 7982 | 6692 | 1290 | -628 |
| | **ВКУПНО** | **43099** | **278230** | **321329** | **263871** | **57458** | -14359 |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | 670 | 3701 | 4371 | 3546 | 825 | -155 |
| 2 | **ОС Виница** | 551 | 4109 | 4660 | 4406 | 254 | 297 |
| 3 | **ОС Делчево** | 1511 | 5742 | 7253 | 5667 | 1586 | -75 |
| 4 | **ОС Кочани** | 2291 | 13563 | 15854 | 12854 | 3000 | -709 |
| 5 | **ОС Радовиш** | 1326 | 9126 | 10452 | 8162 | 2290 | -964 |
| 6 | **ОС Св. Николе** | 857 | 5729 | 6586 | 5892 | 694 | 163 |
| 7 | **ОС Струмица** | 2955 | 20891 | 23846 | 21131 | 2715 | 240 |
| 8 | **ОС Штип** | 3819 | 23225 | 27044 | 23525 | 3519 | 300 |
| | **ВКУПНО** | **13980** | **86086** | **100066** | **85183** | **14883** | -903 |
| **Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија** | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **109124** | **624372** | **733496** | **602208** | **131288** | **-22164** |

- **Состојба со стари предмети**

Во прилог на зголемување на ефикасноста во судството во текот на 2023 година, од страна на Советот во соработка со претседателите на судовите беа превземени конкретни мерки за намалување на заостатокот со старите предмети во судството, постари од три, седум и десет години. За да се намали бројот на постари предмети, особено на оние кои се постари од 7 и 10 години со одлука на Советот, преку претседателите на судовите, судиите беа задолжени кои имаат во

работа стари предмети, да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата беа составен дел од извештаите на работните тела кои месечно се доставуваат до Советот. Како резултат на превземените мерки од страна на Советот, беа решени голем број на стари предмети во судовите, а тоа е прикажано во следната табела:

| | **Јануари 2023 година** | **Декември 2023 година** | **Зголемен заостаток** |
|---|---|---|---|
| **Постари од 3 години** | 2568 | 2891 | 323 |
| **Постари од 7 години** | 228 | 253 | 25 |
| **Постари од 10 години** | 118 | 133 | 15 |

- ***Табела: состојба со стари предмети во судството***

**Број на пополнети судиски места**

Според евиденцијата на пополнетите судиски места во судовите во Република Северна Македонија, се констатира следната состојба:

Доколку се споредуваат 2022 и 2023 година, може да се забележи дека на почетокот од 2023 година има 68 помалку судии во однос на почетокот на 2022 година. На крајот од 2023 година има 16 помалку судии во однос на крајот на 2022 година. Просечно во 2022 година може да се земе број од 449 судии, а во 2023 години 407 судии, или 42 судии помалку во 2023 година.

Советот утврди дека како причини за намалување на бројот на судии се природниот одлив на судии поради исполнување на услови за старосна пензија со последните измени на Законот за работни односи, според кој условите за старосна пензија се стекнуваат со навршување на 64 години возраст, без можност за продолжување на мандатот на судиите како претходно и престанокот на судиската функција по други основи. Воедно, се истакнува дека сите кандидати кои ја завршија Академијата за судии и јавни обвинители беа избрани.

| **Полова и национална структура на судии на 31.12.2023 година** | | | |
|---|---|---|---|
| | | **Вкупно** | **%** |
| **Националност** | | | |
| 1 | Македонци | 295 | 73,93 |
| 2 | Албанци | 79 | 19,80 |
| 3 | Турци | 6 | 1,50 |
| 4 | Власи | 8 | 2,01 |
| 5 | Срби | 3 | 0,75 |
| 6 | Роми | 1 | 0,25 |
| 7 | Бошнаци | 4 | 1,00 |
| 8 | Други | 3 | 0,75 |
| **Пол** | | | |
| 1 | Мажи | 153 | 38,35 |
| 2 | Жени | 246 | 61,65 |
| | | | |
| **Вкупно** | | **399** | |

**Следење и оценување на работата на судиите**

Согласно Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, следењето на работата на судиите и претседателите на судови се врши преку редовно и вонредно оценување. Оценувањето на судијата се врши според вкупните резултати од постигнатата успешност во работењето преку утврдените квалитативни и квантитативни критериуми согласно Законот.

Целта на следењето и оценувањето на работата на судиите и претседателите на судовите е афирмација на судството како независна и самостојна власт, јакнење на личната мотивација на судиите, обезбедување натамошен професионален развој на судиите врз основа на нивните лични и професионални способности без какво било влијание, како и зајакнување на независноста и непристрасноста на судиите при вршењето на судската функција.

Според Законот, редовното оценување на судијата или претседателот на суд се врши еднаш на четири години, додека вонредно оценување на работењето на судијата

и претседателот на суд се врши во случај кога судија конкурира за избор на судија во повисок суд или за претседател на суд или пак за член на Советот.

Поради избор на претседатели и судии по објавени огласи во извештајниот период, беше спроведена постапка за вонредно оценување на судии, односно претседатели на судови.

Во текот на 2023 година спроведено е редовно оценување на судиите и претседателите на судовите за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2022 година и оценети се 260 судии, додека 45 судии се оценети и како претседатели на суд. Поднесени вкупно 47 приговори по кои постапката е во тек.

Заради континуирано следење на работата на судиите, Советот на ден 26.12.2023 година донесе Интерен план за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите и Акционен план за период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

## *ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ГРАЃАНИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СУДИИТЕ И СУДОВИТЕ*

Судскиот совет на Република Северна Македонија е надлежен и да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите, согласно член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во текот на 2023 година, на седница на Советот се ставени на дневен ред вкупно 473 претставки, од кои разгледани се 393 или 73,78%, 349 претставки се неосновани или 88,8 %, 41 претставка се основани или 10,4 %, 2 претставки се делумно основани или 0,5 % и 1 претставка е повлечена од подносителот или 0,3 %.




Како основ за поднесување на претставките, согласно спроведените анализи, се констатира дека од вкупниот број на претставки по кои расправал Советот најголем е бројот на претставки во кои подносителите изразуваат незадоволство од утврдената фактичка состојба, односно изнесуваат жалбени наводи и бараат преиначување на веќе донесената одлука на судот или утврдување на поинаква фактичка состојба од веќе утврдената фактичка состојба од судот.

Во дел од претставките се изнесени наводи кои се однесуваат на оддолговлекување на постапката пред судот, за непочитување на предвидените законски рокови за превземање на процесни дејствија на донесување, објавување и изготвување на судските одлуки и сл.

Подносителите во дел од претставките сметаат дека судиите во текот на постапувањето по одделни предмети неправилно го примениле законот, односно сториле повреда на процесниот или материјалниот закон и постапиле нестручно и несовесно во вршење на судиската функција.

При постапување по претставка, Советот во случај кога ќе утврди дека наводите во претставката се основани, за тоа го известува подносителот на претставката и судијата кој постапувал по предметот. За основаните претставки за кои Советот констатирал пропусти во работата на судијата, понатаму постапуваше координаторот определен со Годишен распоред за работата на тој суд, а се води и евиденција за истото и се следи работата на судијата, со што доколку се констатира одредена состојба, таквото постапување на судијата може да биде основ член на Советот да иницира постапка за утврдување одговорност, заради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

Во случај кога се констатира неоснованост на претставката, се известува подносителот на претставката дека Советот е надлежен да ја преиспита работата на судијата, но не може да ја промени донесената одлука со оглед дека согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, судската одлука може да се менува или укинува единствено надлежен суд, во постапка пропишана со закон, а по евентуално изјавен правен лек.

Во секој случај по приемот на претставката во Советот, истата се распределува преку ЈКМИС системот кај член на Советот и веднаш се известува подносителот за тоа дека претставката е земена во работа, односно дека се постапува по истата, а и за исходот на постапката како и донесената одлука Советот го известува подносителот.

Од извршената анализа на поднесените претставки, се констатира дека претставките се однесуваат на работата на судиите, како во основните, така и на судиите во повисоките судови, односно апелационите, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

**Број на претставки по судови**

| Р. бр. | Суд | Вк. |
|---|---|---|
| 1 | ОС Берово | 1 |
| 2 | ОС Битола | 16 |
| 3 | ОС Велес | 11 |
| 4 | ОС Виница | 0 |
| 5 | ОС Гевгелија | 3 |
| 6 | ОС Гостивар | 22 |
| 7 | ОС Дебар | 3 |
| 8 | ОС Делчево | 1 |
| 9 | ОС Кавадарци | 16 |
| 10 | ОС Кичево | 6 |
| 11 | ОС Кочани | 8 |
| 12 | ОС Кратово | 2 |
| 13 | ОС Кр. Паланка | 0 |
| 14 | ОС Крушево | 1 |
| 15 | ОС Куманово | 12 |
| 16 | ОС Неготино | 4 |
| 17 | ОС Охрид | 23 |
| 18 | ОС Прилеп | 6 |
| 19 | ОС Радовиш | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | ОС Ресен | 3 |
| 21 | ОС Св. Николе | 1 |
| 22 | Основен граѓански суд Скопје | 68 |
| 23 | Основен кривичен суд Скопје | 31 |
| 24 | ОС Струга | 11 |
| 25 | ОС Струмица | 5 |
| 26 | ОС Тетово | 11 |
| 27 | ОС Штип | 7 |
| 28 | АС Битола | 28 |
| 29 | АС Гостивар | 18 |
| 30 | АС Скопје | 59 |
| 31 | АС Штип | 16 |
| 32 | Врховен суд на РСМ | 26 |
| 33 | Управен суд | 37 |
| 34 | Виш управен суд | 13 |

| | |
|---|---|
| Вкупно | 471 |

*НАПОМЕНА: Бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на преставки по судови се разликува бидејќи една преставка може да се однесува на повеќе судови.*

Од анализата на претставките поднесени по судови, презентирани во горенаведената табела, произлегува дека најголем број се однесуваат на работата на судовите на апелационото подрачје Скопје.

Како подносители на претставките се јавуваат физички лица, правни лица, невладини организации и здруженија на граѓани, сојузи, адвокати итн.

Советот постапуваше и по претставки препратени на надлежност од други државни институции од кои најбројни беа од Министерството за правда.

Исто така, Советот постапуваше и по анонимните претставки, во смисла на тоа дека се испитуваа наводите во тие претставки и се преземаа дејствија по истите доколку постоеја индиции за нивна основаност, односно кога Советот констатира дека истото е од јавен интерес.

## Листа на претставки по подносители

| | |
|---|---|
| **1. Физички лица** | |
| Вкупно: | 366 |
| **2. Правни лица** | |
| АД | 3 |
| ДОО | 0 |
| ДООЕЛ | 4 |
| ЈП | 0 |
| Други | 0 |
| Вкупно: | 6 |

| | |
|---|---|
| **3. Невладини организации и здруженија на граѓани** | |
| Вкупно: | 0 |

| | |
|---|---|
| **4. Државни институции (препратено на надлежност)** | |
| Агенции при Влада на РСМ | 8 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 8 |
| Јавно обвинителство | 1 |
| Министерство за правда | 14 |
| Народен правобранител | 2 |
| Собрание на РСМ | 0 |
| Вкупно: | 33 |

| | |
|---|---|
| **5. Анонимни** | |
| Вкупно: | 3 |

*НАПОМЕНА: Бројот на претставки по кои Советот постапувал и бројот на подносителите на преставки се разликува бидејќи една преставка може да биде поднесена од повеќе физички лица.*

Судскиот совет на Република Северна Македонија јавно, објективно, неселективно и ажурно постапуваше по претставките и поплаките, како во однос на доставување на известување до подносителот, така и во однос на превземање на дејствија за решавање на проблемот со кои подносителите на претставките се соочуваат во текот на судските постапки.

***Податоци за барања и постапување по дописи од други институции***

Во текот на 2023 година, од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија доставени се две известувања до Основно јавно обвинителство во врска со постапка за одговорност на судии.

Од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија до Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се два дописи, односно известувања во врска со поднесени барања за одговорност на судии/претседатели на судови.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ

### 1. ***Независност на судството***

Основните вредности кои вклучуваат владеење на правото и почитување на човековите права, се од огромно влијание за постоење на ефективен судски систем, систем кој е независен, ефикасен и висококвалитетен.

Уставот на Република Северна Македонија и Законот за судовите ја гарантираат независноста и самостојноста на судовите како самостојни и независни државни органи, кои судската власт ја вршат на начин што судат и носат одлуки засновани врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Во примената на правото, судовите ги заштитуваат човековите слободи и права.

Судскиот совет, како самостоен и независен орган на судството, преку остварување на своите функции согласно со Уставот и законите, ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

***Финансиска независност на судската власт***

Советот се залага за зголемување на процентот на судскиот буџет во однос на Бруто домашниот производ од сегашните 0,3% на годишно ниво на законски определените 0,8 % од Буџетот за судска власт.

## 2. ***Континуирано следење на работата на судовите за зајакнување на човечките ресурси***

Членовите на Советот продолжија со интензивната соработката со претседателите на судовите и судиите, заради согледување на состојбите во соодветниот суд и тековните проблеми и потоа во рамките на надлежностите беа превземени соодветни активности заедно со претседателите на судовите за нивно надминување.

## 3. ***Проекција за слободни судиски места***

Советот ја имаше предвид одлуката со која го утврди бројот на слободни судиски места во основните судови во Република Северна Македонија на 100 за IX-та генерација на кандидати за судии во Академијата за судии и јавни обвинители, земајќи ги предвид вкупниот број на слободни судиски места за судии во основните судови, како и проекција за потребите од местата кои ќе се пополнат по завршување на почетната обука.

## 4. ***Анализа на тромесечните и годишните извештаи за работа на Судовите***

Советот на седница расправа и ги оценува тромесечните и годишните извештаи за работа на судовите во Република Северна Македонија, кои од страна на судовите во текот на годината се доставаа до Советот и навремено се објавени на веб страната на Советот.

Заради континуирано следење на состојбата со предметите во судовите, формирани се комисии од членови на Советот и изготвен е **Акционен план за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.** Истовремено со Годишниот распоред за работа, секој член на Советот е определен за координатор за следење на работата на одреден суд.

## 5. ***Зајакнување на транспарентноста во функција на подобрување на угледот на Судскиот совет***

Една од основните определби на Советот во остварувањето на работите од својата надлежност е остварување на начелото на транспарентност и отвореност во работењето и зголемена партиципативност на јавноста.

Во делот на градење и афирмација на транспарентност во работата, Советот продолжи со своите активности, при што целокупната работа на Советот е јавна, вклучително и седниците на Советот, освен оние на кои согласно законот јавноста е исклучена. На овој начин се овозможува јавните седници на Советот непречено да ги

следат граѓаните, претставници на медиумите, претставници на невладиниот сектор и сите останати.

Советот обезбедува транспарентност преку објавување информации на интернет страницата http://www.ssrm.mk за одлуките донесени од страна на Советот, како и заклучоците кои се однесуваат на следење и оценување на работата на судиите и судовите и за останати активности на Советот.

Советот, во рамките на законски утврдените надлежности во 2023 година, настојуваше транспарентно да обезбеди проток на информации со цел јавноста и граѓаните да бидат навремено и точно запознати и информирани за сите активности што Советот ги презема.

Во текот на 2023 година, седници кои ги одржуваше Советот се пренесуваа во живо преку МИА.

## 6. Донесување на општи акти со кои Советот ги уредува работите од своја надлежност

На ден 20.02.2023 година донесен е Стратешки план на Судскиот совет на Република Северна Македонија за период 2023-2024 година во кој се предвидени целите, процесот на стратешко планирање, визија, мисија и главни вредности, пристап, swot анализа, стратешки приоритети и цели и акционен план.

На ден 13.03.2023 година донесен е Правилник за начинот на формирање на комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата. Со Правилникот е пропишан начинот на формирањето на комисијата за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на комисијата.

Во март 2023 година донесени се Насоки за толкување и имплементација на начелата содржани во Етичкиот кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија. Со овие насоки детално се образложени начелата и тоа: непристрасност, недискриминација, објективност, независност, чесност и личен интегритет, стручност, професионалност, одговорност и отчетност, доверливост и заштита на приватноста, јавност и транспарентност и етичко однесување на социјалните мрежи. Во Етичкиот кодекс се утврдени начелата и правилата на морално и етичко однесување на членовите на Советот во вршење на нивната функција и надвор од неа, со цел да се манифестира култура на интегритет во однесувањето, постапувањето и одлучувањето на секој член на Советот. Содржани се начела како израз на висока свет за значењето и улогата на Советот, како институција за

обезбедување на независноста и самостојноста на судството во Република Северна Македонија.

### 7. ***<u>Меѓународна соработка</u>***

Во доменот на меѓународната соработка, Советот во текот на 2023 година ги реализираше следните активности:

- Работна средба на Судскиот совет на Р.Албанија, Врховниот суд и Магистерското школо, која се реализираше во периодот од 20 до 21 март 2023 година, во Тирана - Р. Албанија;

- Учество на 5-та Регионална Конференција во рамки на проектот –JUDICAL REFORM PROGRAMME FOR THE WESTERN BALKANS, кое се реализираше во периодот од 31 мај до 04 јуни 2023 година во Сплит- Р.Хрватска;

- Учество на Десетти Годишен Регионален форум за владеење на правото во југоисточна Европа во Сараево во име на Центар AIRE-Советот за индивидуалните права во Европа, кој се реализираше во периодот од 09 до 12 ноември 2023 година во Сараево- Босна и Херцеговина;

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Согласно Законот за Судски буџет ( Службен весник на РМ“ бр.60/03, 37/06, 103/08 и 145/10), судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија, издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

За вршење на работите во врска со судскиот буџет е задолжен Судскиот буџетски совет (во понатамошниот текст СБС), кој е составен од претседател и 10 членови. Претседател на Судскиот буџетски совет е претседателот на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

СБС работи на седници на кои се разгледуваат прашања поставени на дневен ред од страна на претседателот на СБС, членовите на СБС или прашања иницирани од страна на единките корисници.

Во текот на 2023 година СБС одржа 25 седници, на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување.

Исто така, во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

## *КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ЗА 2023 ГОДИНА*

Човечките ресурси се најважните ресурси со кои располага секоја судска власт, а овој факт најдобро се прикажува со високото процентуално учество на расходите за човечки ресурси, кои што изнесуваат 75,42 % во структурата на расходната страна на судскиот буџет.

Квалитетот, обемот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт, како и степенот на доверба во судската власт во општеството.

Носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи е судијата, па затоа обезбедувањето на соодветни услови за непречно остварување на судиската функција е приоритет.

Бројот на вработени во судската власт на 31.12.2023 година изнесува 2.611 лица, а на ден 31.12.2022 година биле вработени вкупно 2.678 лица. Во наредната табела е дадено движењето на бројот на вработени во судската власт од 2019 до 2023 година и тоа по пооделни категории при што е евидентно намалување на бројот на активни судии секоја година.

| | | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет на РМ (ССРСМ) | 11 | 13 | 13 | 13 | 12 |
| 2 | Судии * | 499 | 493 | 473 | 409 | 392 |
| 3 | Директор и Заменик Директор на Академија | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 |
| 4 | Административни службеници | 44 | 44 | 43 | 46 | 43 |
| 5 | Работници во ССРСМ и АСЈО | 9 | 11 | 13 | 10 | 9 |
| 6 | Судски службеници | 1.938 | 1.926 | 1.885 | 1863 | 1825 |
| 7 | Судска полиција | 190 | 187 | 189 | 194 | 140 |
| 8 | Работници во судовите | 142 | 152 | 150 | 141 | 188 |
| | **Вкупно** | **2.834** | **2.827** | **2.768** | **2678** | **2611** |

***Табела: Број на вработени во судска власт вкупно***

* Број на активни судии, во кој број не се вклучени судиите на кои им мирува судиската функција

Бројот на вработени во Судскиот совет на РСМ и Академија за судии и јавни обвинители е 66 и тоа:

| Организација | Претседате л | Членови | Директор/з аменик | администр ативни | Стручни администр службеници | ативно - технички | Работник | Вкупен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Судски совет на РСМ | 1 | 11 | | 14 | 8 | 4 | 6 | **44** |
| Академија | | | 2 | 2 | 12 | 3 | 3 | **22** |
| **ВКУПНО:** | **1** | **11** | **2** | **16** | **20** | **7** | **9** | **66** |

***Табела: Број на вработени во Судски совет на РСМ и Академија за судии и јавни обвинители***

Бројот на вработени во судовите на Република Северна Македонија изнесува 2545 лица, а во табелата е даден бројот на вработени во секој суд по број на судии, број на раководни судски службеници, стручни судски службеници, административно технички службеници, припадници на судска полиција и работници.

| Суд | Судии предвидени | Судии | судски службеници | судски службеници | судски службеници | Работник | Судска полиција | на вработени | стручни/суд ии | Сооднос админ/судии |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Врховен суд** | 28 | 15 | 16 | 19 | 21 | 10 | 5 | 86 | 1.27 | 1.40 |
| **Виш управен суд** | 13 | 7 | 3 | 4 | 10 | 0 | 1 | 25 | 0.57 | 1.43 |
| **Управен суд** | 33 | 28 | 4 | 30 | 42 | 2 | 5 | 111 | 1.07 | 1.50 |
| **АС Скопје** | 52 | 28 | 5 | 41 | 49 | 17 | 6 | 146 | 1.46 | 1.75 |
| **АС Битола** | 25 | 11 | 2 | 15 | 22 | 3 | 7 | 60 | 1.36 | 2.00 |
| **АС Штип** | 16 | 6 | 4 | 13 | 19 | 2 | 6 | 50 | 2.17 | 3.17 |
| **АС Гостивар** | 16 | 12 | 6 | 16 | 12 | 2 | | 48 | 1.33 | 1.00 |
| **Основен кривичен суд Скопје** | 70 | 48 | 5 | 54 | 187 | 13 | 19 | 326 | 1.13 | 3.90 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Основен граѓански суд Скопје** | 77 | 56 | 3 | 65 | 152 | 10 | 7 | 293 | 1.16 | 2.71 |
| **ОС Велес** | 18 | 15 | 1 | 11 | 30 | 2 | 8 | 67 | 0.73 | 2.00 |
| **ОС Куманово** | 34 | 19 | 2 | 29 | 64 | 9 | 9 | 132 | 1.53 | 3.37 |
| **ОС Битола** | 25 | 14 | 2 | 25 | 61 | 6 | 6 | 114 | 1.79 | 4.36 |
| **ОС Штип** | 19 | 12 | 1 | 12 | 38 | 3 | 5 | 71 | 1.00 | 3.17 |
| **ОС Струмица** | 20 | 9 | 2 | 10 | 36 | 5 | 6 | 68 | 1.11 | 4.00 |
| **ОС Кочани** | 10 | 6 | 2 | 5 | 23 | 4 | 7 | 47 | 0.83 | 3.83 |
| **ОС Прилеп** | 18 | 9 | 4 | 11 | 44 | 6 | 5 | 79 | 1.22 | 4.89 |
| **ОС Охрид** | 18 | 10 | 2 | 15 | 44 | 4 | 5 | 80 | 1.50 | 4.40 |
| **ОС Гостивар** | 24 | 16 | 1 | 27 | 51 | 5 | 5 | 105 | 1.69 | 3.19 |
| **ОС Тетово** | 26 | 15 | 3 | 48 | 58 | 9 | 7 | 140 | 3.20 | 3.87 |
| **ОС Кавадарци** | 10 | 6 | 2 | 9 | 28 | 1 | 6 | 52 | 1.50 | 4.67 |
| **ОС Неготино** | 5 | 3 | 0 | 5 | 13 | 1 | 4 | 26 | 1.67 | 4.33 |
| **ОС Гевгелија** | 13 | 8 | 3 | 7 | 26 | 2 | 5 | 51 | 0.88 | 3.25 |
| **ОС Кратово** | 3 | 2 | 0 | 4 | 12 | 1 | 4 | 23 | 2.00 | 6.00 |
| **ОС Кр. Паланка** | 6 | 4 | 1 | 6 | 17 | 2 | 4 | 34 | 1.50 | 4.25 |
| **ОС Крушево** | 3 | 1 | 1 | 4 | 3 | 2 | 3 | 14 | 4.00 | 3.00 |
| **ОС Ресен** | 4 | 2 | 0 | 5 | 11 | 1 | 4 | 23 | 2.50 | 5.50 |
| **ОС Струга** | 15 | 8 | 2 | 13 | 28 | 4 | 3 | 58 | 1.63 | 3.50 |
| **ОС Св. Николе** | 4 | 3 | 0 | 3 | 9 | 2 | 4 | 21 | 1.00 | 3.00 |
| **ОС Виница** | 3 | 2 | 1 | 2 | 10 | 1 | 5 | 21 | 1.00 | 5.00 |
| **ОС Делчево** | 4 | 2 | 0 | 5 | 13 | 3 | 7 | 30 | 2.50 | 6.50 |
| **ОС Берово** | 3 | 2 | 0 | 2 | 12 | 1 | 6 | 23 | 1.00 | 6.00 |
| **ОС Радовиш** | 6 | 2 | 1 | 6 | 13 | 2 | 5 | 29 | 3.00 | 6.50 |
| **ОС Дебар** | 5 | 3 | 0 | 7 | 13 | 1 | 4 | 28 | 2.33 | 4.33 |
| **ОС Кичево** | 13 | 8 | 1 | 19 | 27 | 4 | 5 | 64 | 2.38 | 3.38 |
| | **639** | **392** | **80** | **547** | **1198** | **140** | **188** | **2545** | **1.40** | **3.06** |

Вработувањето во судската власт е регулирано со Законот за судска служба, Законот за административни вработени, Законот за вработени во јавниот сектор, Законот за работни односи и Законот за буџет.

Со Единствениот годишен план за вработувања во судовите за 2023 година беа предвидени 53 вработувања на неопределено време и 150 унапредувања.

Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година во судовите вкупно се реализирани 234 вработувања по разни основи и тоа: 49 извршители се вработени по објавен оглас на неопределено време (по добиена согласност или обнова на согласност од Министерството за финансии согласно Годишен план за вработување за 2023 година или Годишен план за вработување за 2022 година), потоа 178 извршители се вработени по објавени огласи за вработување на определено време и 7 извршители се превземени од државни органи и институции надвор од судската власт. Во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година во судовите се реализираа и 120 унапредувања по објавени интерни огласи (по добиена согласност или обнова на согласност од Министерството за финансии согласно Годишен план за вработување за 2023 година или Годишен план за вработување за 2022 година).

Во Судскиот совет на РСМ во 2023 година се реализираа 3 вработувања на определено време, а во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" во 2023 година се реализира 1 вработување на определено време и 1 вработување по пат на преземање од институција надвор од судската власт.

Иако во текот на 2023 година во судовите се реализираа нови вработувања, состојбата од недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутна и во текот на оваа година, а кое нешто се однесува на:

- Врховниот суд на РСМ; АС Битола, АС Гостивар, ОС Гевгелија и ОС Кичево немаат судски администратори што дополнително ја оптоварува работата на претседателот на судот, односно отежнато е раководењето на судот;
- Во судовите бројот на ИТ лица постојано се намалува, а на огласите за вработувања на нови ИТ лица многу често нема кандидати. Во компјутерскиот центар во Врховниот суд има потреба од навремено пополнување на информатичарите од категоријата раководни вработени со оглед на тоа што од овој центар се координира хардверската опрема и софтверските системи за сите судови. Вработените ИТ лица во судовите се преоптоварени со работа, особено во судовите со проширена надлежност како Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје, што создава огромни проблеми во тековното работење на Советот;
- стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (судски соработници, дактилографи, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.);
- стручни кадри од областа на управувањето со човечките ресурси, јавна внатрешна финансиска контрола, односи со јавност, технички лица за користење на разната опрема (опрема за аудио и аудио видео снимања на рочиштата) преведувачи, лектори, и сл. односно кадри кои не се директно во корелација со судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите ги наметнуваат како потреба;

- помошно технички кадар (хигиеничарки, хаус мајстори, возачи и сл)
- Во Судски совет на РСМ нема вработен информатичар, нема доволен број на советници кои работат со членовите на Советот, нема доволно стручен и помошно технички кадар, нема доволен број на внатрешни ревизори кои треба да вршат ревизија на работењето на судовите, нема формирано одделение за меѓународна соработка, нема преведувачи на албански и англиски јазик, лектори за македонски јазик. Забележителен е одливот на вработени по основ на доброволно прекинување на работниот однос, а на огласите за нови вработувања не постои интерес од нови кандидати.

## *МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО И ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

### ***СУДСТВО***

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства, навремена и редовна дистрибуција на истите до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет („Службен весник на Република Македонија“ бр.145 од 05.11.2010 година), кој предвидува средствата за „судска власт“ во Буџетот на Република Северна Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8% од БДП на Република Северна Македонија, со сукцесивно зголемување почнувајќи од буџетската 2012 година, кога судскиот буџет требаше да изнесува 0,5% од БДП. Оваа законска одредба не се примени ниту во 2023 година.

Согласно Законот за судскиот буџет, судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на единките корисници на судската власт што ги утврдува Собранието на Република Северна Македонија и е наменет за нивно финансирање.

Судскиот буџет се состои од две програми:

- **Програма 20-** ***судска администрација,*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РСМ,

Врховниот суд на РСМ, Вишиот управен суд, Управниот суд, апелациските судови и основните судови со основна и проширена надлежност.

- **Програма 30-** ***Академија за судии и јавни обвинители,*** која ги опфаќа средствата за финансирање на активностите на Академијата.

Во 2023 година вкупно одобрениот буџет за судската власт за двете програми изнесуваше 2.651.470.000 денари. Од овие средства 2.508.250.000 денари беа одобрени како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на буџетската сметка, 126.500.000 денари беа како расходи од Основен Буџет на Република Северна Македонија на сметката на сопствени приходи, 15.420.000 се средства од донации и 1.300.000 денари се однесуваа на расходи од самофинансирачки активности. Средствата од сметката на сопствените приходи се остварени од наплата на судските паушали, закупнини од издавање на деловен простор што согласно Законот за судски буџет се приходи на судовите и др.

Во текот на годината беа извршени измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија, а беа извршени и бројни пренамени со цел максимално искористување на средствата согласно потребите на единките корисници на судската власт.

| **Категорија** | **Конечен буџет програма 20** | **%** | **Конечен буџет програма 30** | **%** | **Вкупно** | **%** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **40** | **1.895.813.000** | **75,95** | **103.843.000** | **66,83** | **1.999.656.000** | **75,42** |
| **42** | **413.337.176** | **16,56** | **48.085.000** | **30,95** | **461.422.176** | **17,40** |
| **46** | **58.162.824** | **2,33** | **1.775.000** | **1,14** | **59.937.824** | **2,26** |
| **48** | **128.784.000** | **5,16** | **1.670.000** | **1,07** | **130.454.000** | **4,92** |
| **вкупно** | **2.496.097.000** | **100,00** | **155.373.000** | **100,00** | **2.651.470.000** | **100,00** |

***Табела: Структура на конечен буџет судска власт за 2023 година по категории и програми***

Притоа, забележливо е доминантното учество од 75,42% на категоријата 40-плати и надоместоци од плати, а пониското учество на останатите категоријата 42 стоки и услуги во рамките на која се обезбедуваат средства за тековно работење на единките корисници на судската власт, категорија 46-Субвенции и трансфери каде се обезбедуваат средства за исплата на обврски од права од работен однос на

вработените, обврски по правосилни и извршни решенија и категорија 48-Капитални расходи каде се обезбедуваат средства за реновирање на судските згради, за набавка на потребна нова опрема, хардверски и софтверски системи.

Во 2023 година со Буџетот беа обезбедени потребните средства за почнување на активностите за надградба, инсталација и конфигурација на Femida True Records системот за снимање на судските расправи во судовите во Република Северна Македонија и за замена на компјутерите со застарен оперативен систем, кои што се спроведуваат како групни јавни набавки и се предвидува да завршат во 2024 година.

Во 2023 година беа реализирани првите активностите од Буџетот на судската власт за подобрување на енергетската ефикасност на судските згради со поставување на фотоволтаици. Изведени беа фотоволтаични системи во четири судови: Управен суд, АС Битола, АС Штип и ОС Гевгелија.

***<u>СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-</u>***

Судскиот совет на Република Северна Македонија, како самостоен орган своето финансиско работење го темели единствено од средствата на Буџетот на судската власт за 2023 година кои средства, како единка корисник, ги добива со распределба од Судскиот буџетски совет.

Судскиот совет , трошењето на одобрените средства, ги реализира преку својата буџетска сметка 290100053160310, програма 20-судска администрација и тоа преку Министерството за финансии-трезорската канцеларија - Скопје.

Во составот на Судскиот совет како издвоен дел функционира Судскиот буџетски совет, задолжен за вршење на работите во врска со судскиот буџет. Стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши Стручна служба која е формирана како внатрешна организациона единица во рамките на овој орган. Сите обврски, трошоци, плати и други расходи за функционирање на Судски буџетски совет, се на товар на буџетската сметка на судскиот совет.

Во календарската 2023 година за функционирањето на овој орган се потрошени финансиски средства во износ од **55.754.633,00 денари**, кои во споредба со трошоците во 2022 година во износ од **50.934.967,00** денари претставува зголемување на Буџет во номинален износ од **4.819.666,00** денари.

Бројот на вработените во Судскиот совет во 2023 година изнесува **43 вработени**, од кои **12** се именувани лица како членови на советот согласно Законот на судскиот совет на Република Северна Македонија , **24** како административни службеници од кои **1(еден)** е генерален секретар назначен согласно Законот за административни службеници , **4** вработени како помошни – технички лица и **2** лица вработени на определено време до 31.12.2023 година. Со стручната служба на советот раководи ВД генерален секретар согласно член 101 став 2 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија. Од ова произлегува дека за остварување на работите од својот делокруг, утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, во изминатата фискална година имаше реализација на финансиски средства во износ од **55.754.633,00 денари** при што се испочитувани принципите на рационално, ефикасно и строго наменско трошење.

Показателите за реализација на буџетот збирно и по одделни расходни ставки, укажуваат на голем степен на искористеност на одобрените финансиски средства, односно реализацијата на вкупниот Буџет од **96.7%** дефиниран за Судскиот совет со Годишниот финансиски план за 2023. Вака високиот процент на искористеност укажува дека во континуитет се следеше реализацијата на истиот со цел навремено донесување одлуки за потребните прераспределби, пренамени или проширувања на квартални планови во рамки на Годишниот финансиски план , за да се подмират обврските кон комитентите и да се избегнат високи камати за реализација на доспеаните фактури за извршените услуги. При користењето на планираните финансиски средства основен принцип е наменското трошење и дефинираните позиции во Годишниот план за јавни набавки.

Преглед на реализација на финансиски средства во процентуален и номинален износ во однос на одобрените средства од Буџетот на РМ, преку Судски буџетски совет.

| **Преглед на реализирани финансиски средства за 2023 година.** | | |
|---|---|---|
| | | |
| *О П И С* | *Финансиски средства* | *процент* |
| | | |
| 1. Вкупно средства добиени од Буџетот | **57.695.563,00 ден.** | **100,00 %** |
| 2. Потрошени средства-остварени расходи | **55.754.633,00 ден.** | **96,7%** |
| 3. Остаток- непотрошени средства во износ | **1.940.930,00 ден.** | **3,3%** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати, придонеси од плати и надоместоци од плати**

| **Потрошени средства за плати и надоместоци од плата:** | |
|---|---|
| 1. Основни плати и персонален данок | **33.632.792,00 денари** |
| 2. Придонеси за ПИО, здравство,вработување | **13.064.890,00 денари** |
| 3. Останати надоместоци | **335.822,00 денари** |
| **Вкупно за плати и надоместоци** | **47.033.504,00 денари** |

**Поконкретно, потрошени средства за плати и придонеси од плати во однос на другите трошоци претставени табеларно и на графикон:**

| | |
|---|---|
| **1.Плати и надоместоци од плата** | **47.033.504,00 денари** |
| **2.Вкупно други трошоци** | **8.721.129,00 денари** |
| **3.Реализиран Буџет за 2023 год.** | **55.754.633,00 денари.** |




**Аналитички табеларен преглед на реализираните буџетски средства на синтетички конта од класа 4-Расходи за 2023 по категори е следен:**

| Категорија | Износ |
|---|---|
| **40- Плати и надоместоци од плата** | **47.033.504,00** |
| **42-Стоки и услуги** | **8.492.755**,00 |
| **46-Субвенции и трасфери** | **228.374,00** |
| **48-Капитални расходи** | **0,00** |
| **Вкупно** | **55.754.633,00** |

**И нивен графички преглед 2023 година:**



Во 2023 година се испатени платите со сите задложителни придонеси во износ од **47.033.504,00 денари** денари кој преставува **84%** од вкупниот буџет на советот. За комунални услуги, греење и комуникација е извшено плаќање во износ од **4.252.641,00 денари** и тоа за парно греење, електрична енергија и за исплатените реални патни трошоци за членовите кои се од внатрешноста.

Од контото 465- Исплата по извршни исправи во 2023 година за правосилните судски пресуди со налози за извршување се платени во износ од **23.702,00 денари**.

Во прегледот подолу номинално се прикажани реалните трошоци во 2023 година по расходни ставки од **420 до 465**:

| **Расходна ставка**<br>**1** | **Планирани**<br>**2** | **Реализирани**<br>**3** | **Процент на реализација во %**<br>**4=3/2** | **Разлика**<br>**5=2-3** |
|---|---|---|---|---|
| 420-Патни и дневни расходи | **800.000,00** | **424.429,00** | **53 %** | **375.571,00** |
| 421-Комунални услуги, греење, комуникација, и транспорт | **4.584.000,00** | **4.252.641,00** | **93 %** | **331.359,00** |
| 423- Материјал и ситен инвентар | **825.000,00** | **563.471,00** | **68 %** | **261.529,00** |
| 424 - Поправки и тековно одржување | **1.750.000,00** | **1.583.599,00** | **90 %** | **166.401,00** |
| 425 – Договорни услуги | **1.810.298,00** | **1.137.027,00** | **63 %** | **673.271,00** |
| 426-Други тековни расходи | **650.000,00** | **531.588,00** | **82 %** | **118.412,00** |
| 464- Разни трансфери | **214.672,00** | **204.672,00** | **95 %** | **10.000,00** |
| 465- Исплата по извршни исправи | **23.702,00** | **23.702,00** | **100 %** | **0** |
| **Вкупно** | **10.657.672,00** | **8.721.129,00** | **82 %** | **1.936.543,00** |

На крајот на годината по извршениот попис на постојани средства и обврските, констатирани се обврски кон добавувачите во износ од **711.822,00 денари**, кон работниците во износ од **100.584,00 денари** и обврски кон вработените по основ на плата и придонеси во износ од **4.280.422,00 денари**. Делот на обврските кон комитентите во најголем дел се однесува за направените услугите и набавените материјали за месец декември 2023 година како и обврските по однос на плата за тој месец.

Предлог буџетот за Судски совет претставува интегрален дел од системот на планирање и буџетирање и ја презентира потребата од унапредување на условите за работа на стручната служба заради постигнување на стратешките приоритети и цели: обезбедување и гарантирање на независноста, зголемување на ефикасноста и јакнење на довербата за непречено извршување на функциите на институцијата. Од тие причини на судскиот совет му е потребно обезбедување на перманентни и стабилни финансиски средства.

***ПРЕПОРАКИ:***

• Да се спроведат активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на препораките на Европската унија упатени до Судскиот совет на РСМ во утврдените врменски рамки, со кое ќе се имплеметираат во целост дадените препораки во Извештајот на Оценскта мисија на ЕУ кои се во надлежност на Советот;

• Да се превземат активности во насока на имплементација за надминување на нотираните состојби во Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година, објавен од Европската комисија, особено заложбата на Советот за заштита на интегритетот, независноста и професионалноста на судиите и на институциите и спротивставување на секое надворешно влијание;

• Да се ревидира и имплементира Програмата и Акциониот план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година;

• Да се зајакне имплементацијата на Стратешкиот план на Судскиот совет на Република Северна Македонија за периодот 2023-2024 година;

• Да се имплементира Методологијата за утврдување сложеност на предмети;

Да се усвои и имплеметира Коминкациската стратегија на Судскиот совет на РСМ и судовите, а кое е во насока на транспарентност и отчетност преку навремен проток на информации, со цел граѓаните и јавноста да бидат навремено и точно запознати и информирани за активностите на Советот, да се обезбеди постојана достапност за комуникација, со цел информираност на сите засегнати страни преку давање изјави или интервуја од страна на претседателот на Советот, одржување на прес-конференции, брифинзи и соопштенија, организирање на тркалезни маси;

• Да се искористат воспоставените законски механизми за независност на судството и утврдување одговорност;

• Да се обезбеди проактивна улога на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија во креирање на нови законски прописи;

• Навремена реакција во случај кога е загрозен угледот и функцијата на членовите на Советот, судиите и претседателите на судовите;

• Реорганизација на мрежата на судовите, земајќи го предвид бројот на предмети и сложеноста, како би се поедноставило функционирањето на судската мрежа и најдобро би се искористиле постојните ресурси;

• Соодветно управување со човечките ресурси;

• Да се осигура усогласеност на софтверот со новите мерки за сложеност на предметите, со цел да се овозможи нивна имплементација;

Имплементација на Етичкиот кодекс на членовите на Советот;

Унифицирање на извештаите на Советот и судовите;

• Поактивно учество на претставниците од судската власт во креирање на законските прописи.

***ЗАКЛУЧОЦИ:***

Имајќи предвид дека корупцијата како негативна општествена појава може да предизвика далекусежни последици, Судскиот совет на Република Северна Македонија во 2024 година потребно е да преземе активности кои водат до превенција и следење на корупцијата, за која цел е донесена Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025, а при констатирана состојба за корунтивни дејствија, во рамки на своите надлежности да ги санкционира сторителите на истите.

Судскиот совет се соочува со реален проблем по однос на недостаток на кадар, односно потребата од нови вработувања и превземања од други институции, поради што е потребно да се продолжи со активности по однос на статусот на вработените во Стручната служба на Советот, односно соодветно решавање на овој проблем согласно потребите преку соодветни законски измени. Причина за ваквиот недостаток е недостаток на финснсиски средства на Судскиот совет, а кои се и причина за немање неопходни основни средтсва за работа на Советот (компјутери, принтери и сл). Заради надминување на овој проблем нужно е обезбедување на основни средства за работа и човечки ресурси, а со цел за ефикасно и ажурно функционирање на Судскиот совет.

Со оглед дека дигитализацијата на судството станува реалност во пракса, Советот ќе продолжи со примена на информатичките технологии, со цел судскиот систем да го направи подостапен, кое ќе значи дека судството ќе се насочи кон отворање за јавноста и само на тој начин ќе се зголемува довербата на граѓаните во судството.

Судскиот совет на Република Северна Македонија во текот на 2024 година ќе продолжи со практична имплементација на Методологијата со индикатори за утвдување на сложеност на предмети, со која примена ќе се воведе систем на реално, објективно и независно вреднување на трудот на судијата, кое ќе значи и нивно стручно унапредување врз основа на мерливи критериуми.

Во претстојниот период, Советот во континуитет ќе ја продолжи соработката со судовите и институциите, со цел да се изгради систем на доверба.

Советот ќе остане гарант на независноста на судството во Република Северна Македонија, а тоа ќе се постигне и преку построги и мерливи процедури за избор и унапредување на судиите во кариерата.

Советот ќе се залага за подобрување на финансиската состојба на сите вработени во судството.

Кон остварувањето на независноста на судството, Советот ќе ја ревидира и имплементира Стратегијата за следење на корупцијата во судството, со цел да се таргетираат ризичните точки за да може да се создаде систем кој ќе ја спречува корупцијата.

Советот во наредниот период ќе се грижи за остварување на следните приоритетни активности:

- Имплементација на препораките на ЕУ нотирани во Извештајот на Оценската мисија на ЕУ кои се во надлежност на Советот, во предвидените временски рамки во Акцискиот план;
- Превзменање на активности во насока на имплементација за надминување на нотираните состојби во Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година, објавен од Европската комисија;
- Донесување на Стратегија за комуникација на Судскиот совет на РСМ и нејзина имплементација;
- Имплементација на новата структура за поднесување на извештаи, заради следење на ефикасноста на судовите;
- Имплементација на Етичкиот кодекс на членовите на Советот;
- Доследна примена на законите и овозможување услови за брза и ефикасна правда;
- Анализа и следење на состојбите во судството и следење на работата на судиите и претседателите на судовите;
- Подобрување на системот за избор, оценување, унапредување и разрешување на судиите, како и нивно потранспарентно претставување во јавноста;
- Унапредување на транспарентноста и отчетноста на Советот преку постојано известување на јавноста за одлуките;
- Ефикасно и економично извршување на Судскиот буџет, но и залагање за зголемување на финансиска независност на судската власт со добивање на законски поредвидениот процент од БДП;
- Јакнење на инстуционалните и административни капацитети на институциите на судската власт преку нови вработувања;
- Унапредување на институционалната и меѓународната соработка;
- Согласно законските овластувања, Судскиот совет ќе се залага за обезбедување на независноста на судството, професионалното и стручно одлучување, квалитетното водење постапки, навремена и ефикасна правда и кадровските потенцијали на судството, кои се значаен дел за функционирањето и работењето воопшто.

**Прилог 1**



Претседател на Судски совет на РСМ
(Претседател на Судски буџетски совет)
Членови на Судски совет на РСМ
Генерален секретар
Државни советници
Сектор за информатички, административно-технички работи и водење на статистика и аналитика на судовите
Сектор за Судски буџет
Одделение за информатички и административно-технички работи
Одделение за статистика и аналитика на судовите
Одделение за финансиски прашања на СБС
Одделение за правни и општи работи на СБС
Одделение за инвестиции на СБС
Одделение за информативно-комуникациски технологии на СБС
Одделение за човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија

**Прилог 2**

***Структура на вработени според категорија***

| Категорија | Број на вработени | Процентуална застапеност |
| --- | --- | --- |
| Категорија А – секретар | **1** | **3,12** |
| Категорија Б – раководни административни службеници | **13** | **40,63** |
| Категорија В – стручно административни службеници | **8** | **25.00** |
| Категорија Г- помошно - стручни административни службеници | **4** | **12,50** |
| Помошно технички лица | **6** | **18,75** |
| Вкупно | **32** | **100,00** |

***Старосна структура***

| **Возраст** | **Број на вработени** | **Процентуална застапеност** |
| --- | --- | --- |
| **0-24 години** | **0** | |
| **25-49 години** | **17** | **53,12** |
| **Постари од 50 години** | **15** | **46,88** |
| **вкупно** | **32** | **100,00** |

*Полова структура*

| Пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| **мажи** | 10 | **31,25** |
| **жени** | 22 | **68,75** |
| **вкупно** | **32** | **100,00** |

*Етничка структура*

**ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА**

| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на вработени** | 24 | 5 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | **32** |
| **Процентуална застапеност** | 75,00 | 15,63 | 3,12 | 0,0 | 6,25 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | **100,00** |

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Весна Дамева**